# АКТИВНОСТИ НА МХЗ

На крајот на 2015 година, во рамките на научна трибина по повод 1000 години од смртта на Гаврил Радомир, во Институтот за национална историја, претседателот на МХЗ, Јован Јоновски, одржа предавање на тема: „Знамињата во 11 век“.

Во текот на 2016 година, се случија многу посети во странство. Најнапред , во мај, секретарот на МХЗ, Александар Гижаровски, оствари посета на Јапонската вексилолошка асоцијација (JBA), во Токио, каде одржа предавање за состојбите во македонската хералдика. (На сл. 1 - Александар со претседателот на JBA Нозоми Каријасу и други членови)

Во јуни, Коста Стаматовски, го постави регистерот на грбови на веб-страницата на МХЗ. Беше обележан Светскиот ден на хералдиката - 10 јуни, за што имаше прилог на ТВ НОВА и интервју со Стојанче Величковски. Следеа и други медиумски претставувања на кои учествуваа и Петар Гајдов, Иван Нацевски и Јован Јоновски.

Претседателот на МХЗ, Јован Јоновски, учествуваше на 32 Интернационален конгрес на генеалошки и хералдички науки, одржан во Глазгов, Шкотска, од 10 до 13 август. На Конгресот со главна тема: „Почетоци и развој“ присуствуваа повеќе од 150 учесници од вкупно 21 земја, од кои 52 беа излагачи. На Конгресот овојпат имаше покането 4 млади доктори или докторанти по хералдика да ги изнесат своите истражувања. Еден од нив беше и Јован Јоновски со предавање со наслов: „Сонцето во територијалната хералдика во Република Македонија“. Се оствари и посета на Лорд Лајон Корт, хералдичкиот суд и највисок хералдички авторитет на Шкотска, кој е дел од шкотскиот судски систем при што присуствуваше на седница на судот на која се расправаше за неколку хералдички случаи.

Во рамките на Конгресот, се одржа и сесија на Интернационалната комисија за витешки редови, на која Јоновски е член. Исто така, се одржа и сесија на Академијата по хералдика на која Јоновски е придружен член.

Во Лондон беше извршена посета на Колегијата на грбовите, формирана во 1484 година, која е орга-

# ACTIVITIES OF MHS

At the end of 2015, during the scientific debate to mark 1000 years of the death of Gavril Radomir, held at the Institute of National History, the President of MHS, Jovan Jonovski delivered a paper on „Flags in the 11th century.“

Throughout 2016, there were many visits abroad. First, in May, the Secretary of MHS, Aleksandar Gižarovski visited the Japanese Vexillological Association (JVA) in Tokyo, where he held a lecture about the state of heraldry in Macedonia. (Fig. 1, Aleksandar with JVA president Nozomi Kariyasu and other members of the JVA)

In June, Kosta Stamatovski placed online the Registry of Arms on the site of the Macedonian Heraldry Society. The International Day of Heraldry was marked on June 10, for which on TV NOVA there was an interview with Stojanče Veličkovski. Other media presentations followed, with Petar Gajdov, Ivan Nacevski and Jovan Jonovski.

The President of MHS, Jovan Jonovski, participated at the 32nd International Congress of Genealogical and Heraldic Sciences held in Glasgow, Scotland, from 10 to 13 August. The Congress with the main theme „Origins and Development“ was attended by over 150 participants from 21 countries of whom 52 presented papers. The Congress invited 4 young PhD students in heraldry to present their research. One of them was Jovan Jonovski who delivered a lecture entitled, „The Sun in territorial Heraldry in Macedonia“. He visited Lyon Court, the highest court and heraldic authority of Scotland, which is part of the Scottish judicial system. During the visit a session of the court was held where several heraldic cases were heard.

Within the Congress there was a session of the International Commission for the orders of Chivalry, of which Jonovski is a member. Furthermore, there was a session of the Academy of Heraldry, of which Jonovski is an associate member.

низација на хералдите на Англија, а некогаш на целиот Комонвелт. Таму беше пречекан од Сомерсет хералдот и Портикулус персевантот кои ја прикажаа Рекорд рум, каде се чуваат грбовниците, некои уште од самото формирање. Беше разговарано за интересни детали околу нивната работа кои не можат да се прочитаат во многубројните книги. (На сл. 2 - Јован со Порткулус персевантот Кристофер Вејн)

Од 29 септември до 1 октомври 2016 година, во Тбилиси, Грузија, се одржа Првата национална грузиска конференција за вексилологија и хералдика. На Конференцијата учествуваа претставници на хералдички и вексилолошки друштва од повеќе европски земји, како и од САД и Канада и претставници на меѓународни организации.

На Конференцијата свои излагања имаа потпретседателот на МХЗ, Петар Гајдов, на тема: „Практичната употреба на знамето на Република Македонија и грбот на Град Скопје“ и хералдичкиот уметник и член на МХЗ, Стојанче Величковски, на тема: „Новите грб и знаме на Општина Свети Николе“. (На сл. 3 - Петар со Мишел Лупант, претседателот на ФИАВ).

Благодарение на беспрекорната организација од страна на домаќините, Конференцијата на учесниците не им овозможи само да ги презентираат своите теми, туку и да разменат искуства, практични совети, како и да воспостават нови контакти, а, воедно, да ја запознаат и богатата историја на Грузија. (На сл. 4 - Стојанче со Лук Дуерло и со Алфред Знамиеровски)

Јоновски учествуваше и во подготовка на материјал за изложбата за 25 години од независноста на Република Македонија во организација на Државниот архив на Република Македонија (сл. 7). Исто така, работеше на циклус на 7 документарни емисии за симболите на Македонија, од кои на 3 - за хералдиката, за земските грбови и за орелот и лавот како симболи се јавува како автор. Емисиите ќе бидат емитувани следната 2017 година. Во снимањето на емисиите со свои изјави учествуваа и Иван Нацевски (сл. 8 - во Македонски народен театар) и Коста Стаматовски (сл. 6 - во Археолошки музеј).

Јоновски учествуваше на Годишното собрание на БХВО, кое се одржа во ноември, во Софија. Во Гласникот на Институтот за национална историја е објавен негов текст со наслов: „Сонцето на општинските знамиња во Република Македонија“. ■

In London, he visited the College of Arms, established in 1484, which is the headquarters of the Heralds of England and Wales, and once the entire Commonwealth. There he was welcomed by Somerset Herald and Portcullis Pursuivant who showed him the Record Room, where Rolls are stored, some dating back to its inception. They discussed interesting details about their work that cannot be read in any books. (Fig.2, Jovan with Portcullis Pursuivant Christopher Wayne.)

From 29 September to 1 October 2016, the First national Georgian conferance of Vexillology and heraldry was held in Tbilisi, Georgia. The conference was attended by representatives of heraldic and vexillology societies from several European countries and the United States and Canada and representatives of international organizations.

The conference presentations were delivered by the Vice President of MHS Petar Gajdov on „The practical use of the flag of the Republic and the arms of Skopje“ and by the heraldic artist and member of MHS Stojanče Veličkovski on „The new arms and flag of Sveti Nikole.“ (Fig. 3, Petar with Michel Lupant, President of FIAV)

Thanks to the perfect organisation by the hosts, the conference provided the participants not only with the opportunity to present their topics, but also to share experiences, practical advice, and to establish new contacts and also to learn about the rich history of Georgia. (Fig. 4, Stojanče with Luc Duerloo and Alfred Znamierowski)

Jonovski participated in preparing the material for the exhibition for 25 years of independence of the Republic of Macedonia, organized by the State Archives of the Republic of Macedonia. (fig. 7) He also worked on the cycle of 7 documentaries on symbols of Macedonia of which he was the author of three of them: heraldry, territorial arms and the symbols of the eagle and the lion. Documentaries will be broadcast in 2017. In the filming process, Ivan Nacevski (fig. 8 at tha Macedonian National Theatre) and Kosta Stamatovski (fig. 6 at the Archeological Museum) also took part.

Jonovski attended the annual assembly of BHVS which took place in November in Sofia. In the gazette of the Institute of National History his article entitled „The Sun on municipal flags in the Republic of Macedonia“ was published. ■


registar.heraldika.org.mk
1


2


3


4


5


6


ДРЖАВЕН АРХИВ
СИМБОЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НЕЗАВИСНА
7


8

## ГРБ НА ДАРКО БЛАЖЕВСКИ

**Машински инженер од Скопје**

**Штит**: Сино, два огнени сребрени меча со златни дршки во појас контра, од зелено подножје златен аквадукт.

**Мантија**: Сино со златно.

**Челенка**: Златен полукоњ.

**Мото**: Ubi Concordia Ibi Victoria

**Мото на македонски:** Каде има слога таму има и победа

**Блазон:** Јован Јоновски

**Емблазон:** Коста Стаматовски

Заведен под број 1/2015 на 17.4.2015 година ■




## ARMS OF DARKO BLAZHEVSKI

**Mechanical engineer from Skopje**

**Shield**: Azure, two flaming swords counterpoised fesswise Argent hilted Or, on base Vert an aqueduct of the third.

**Mantling**: Azure doubed Or

**Crest**: Demi-horse Or.

**Motto:** Ubi Concordia Ibi Victoria

**Motto in English:** Where there is unity there is victory

**Blazon:** Jovan Jonovski

**Emblazon:** Kosta Stamatovski

Registered under number 1/2015 on 17.4.2015 ■

## ГРБ НА ДРАГИ ТОДОРОВСКИ

**Градежник од Куманово**

**Штит**: Црвено, три сребреници во превез.

**Мантија**: Црвено со сребро

**Челенка**: На пет црвени ноеви пердуви, три сребреници во превез.

**Мото**: Вера Чест Надеж

**Блазон и емблазон:** Јован Јоновски

Заведен под број 1/2016 на 10.6.2016 година ■




## ARMS OF DRAGI TODOROVSKI

**Builder from Kumanovo**

**Shield**: Gules, three plates in bend.

**Mantling**: Gules doubed Argent

**Crest**: Five ostrich feathers Gules charged with three plates in bend.

**Motto:** Vera Chest Nadezh

**Motto in English:** Faith Honour Hope

**Blazon and Emblazon:** Jovan Jonovski

Registered under number 1/2016 on 10.6.2016 ■



ISSN 1857-5544